**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-91/3**

**Скопје, 31.01.2007 година**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ СКОПЈЕ**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″-Скопје , Економски факултет - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2005 година, кои се прикажани на страните 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″–Скопје , Економски факултет (во понатамошниот текст Економски факултет) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Проф. Д-р Бобек Шуклев, Декан

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 30.10.2006 до 28.12.2006 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 22.01.2007 година примени се забелешки под архивски број 1104-91/1 на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и како неосновани се одбиени, бидејќи упатуваат на сопствено толкување на законските прописи од областа на високото образование, што за ревизорот не е доволно уверување за промена на утврдените состојби поради не доставени материјални докази и аргументи кои ќе влијаат на мислењето на ревизорот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Студентите на Економскиот факултет Скопје плаќаат надоместоци за образовни и административни услуги и по основи кои што не се утврдени во Усогласениот ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за овој вид на услуги, а кој што согласно Законот за високо образование е донесен од Советот за развој и финансирање на високото образование. Факултетската управа донела Ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на Економскиот факултет во Скопје со важност од 01.05.2005 година во кој што предвидела и дополнителни основи за наплата на средства од студентите. Пред донесувањето на Усогласениот ценовник од Советот, висината на средствата што високообразовните институции можат да ги наплатуваат од студентите била регулирана со Решение на Министерството за образование и наука, но Економскиот факултет со своја Одлука не само што утврдува основи за наплата надвор од Решението туку и одобрените основи ги утврдува на повисок износ.

Непочитувањето на Ценовникот од Советот при наплатата на надоместоци од студентите, а кој е надлежен да ги усогласува со универзитетите мерилата и критериумите за кофинансирање на студиите и другите партиципации на студентите на државните и приватните високообразовни установи, има за ефект неосновано остварени приходи на Економскиот факултет Скопје.

11.1.2. Согласно Законот за високото образование и Статутот на факултетот, Факултетот врши високообразовна дејност како додипломски, последипломски, и докторски студии, континуирано образование и студии за надоградување и се грижи за нивниот развој. За образовните услуги што професорите ги даваат на последипломските студии, студентите плаќаат надоместоци за уписнина, испити, семинарски и магистерски трудови. По овој основ факултетот во 2005 година остварил 13.103 илјади денари, а распределбата на средства се врши врз основа на Правилник за формирање и распределба на средствата на последипломските студии, согласно кој 80% од средствата или 10.185 илјади денари се распределени на учесниците во наставните активности организирани во одделни студиуми, а 20 % од средствата остануваат на факултетот за режиски трошоци. Согласно Правилникот утврдени се бодови за секоја активност, а вредноста на бодот е различна и зависи од средствата со кои располага студиумот.

Врз основа на утврдената состојба базирана на детални аналитички постапки и разговори со професори ангажирани во наставните активности на последипломските студиуми, ревизијата ги констатира следните неправилности:

- Последипломските студии,според воспоставениот начин на наградување на наставниот кадар, немаат ист третман како додипломските студии, и покрај тоа што согласно Законот за високо образование претставуваат основна дејност на факултетот. Надоместокот на професорите за ангажирањето на овие студии не е регулиран со Правилникот за плати, туку со посебен Правилник, а се исплатува како авторски надоместок, иако со договорот за вработување, наставникот покрај предметите од одредена област, е должен да врши и други работи кои не се предвидени со договорот, а се во рамките на неговата стручна подготовка. Ваквиот третман на надоместоците има за последица плаќање на персонален данок наместо придонеси од плата.
- Вреднувањето на еден час настава за професорите е различно и се движи од 1.000 до 5.000 денари, надоместокот за раководење со студиумот се движи од 3.000 до 60.000 денари, во некои студиуми исплатата на надоместоците се врши двапати, а во некои и 12 пати годишно. Различното вреднување на трудот зависи од бројот на запишаните студенти, остварените приходи по одделни студиуми и бројот на одржани часови за одделни активности. За да се постигне повисока цена за еден час настава се врши редуцирање целосно или делумно на предавањата, кои се задолжителни, а се компензираат со менторска настава (консултации). Наведените состојби создаваат различен интерес кај наставниците за учество во одделни студиуми и не еднакви услови за студирање на постдипломците;
- Сите учесници во активностите на студиумите не поднесуваат извештај за реализираните активности, а некои студиуми извештаите ги прилагодуваат на остварените приходи. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на активностите врз основа на кои се извршени исплатите, поради воспоставениот систем на доверба, а не контролен систем кој би влијаел на остварување на наставната програма преку задолжителни предавања и консултации при што сите студенти би имале еднакви услови при еднакви цени на образовните услуги.
- Утврдената резерва со Правилникот што студиумите задолжително треба да ја издвојат од остварените приходи, не е процентуално изразена и не е утврдена нејзината намена поради што ревизијата не можеше да се увери во реализацијата на оваа определба, со оглед на фактот што различен е

приодот на раководителите на студиумите кон оваа задолжителна обврска;

- Консултативните часови за постдипломците, кои се вреднуваат со исплата на хонорари, се одржуваат во редовно работно време предвидено за додипломските студии;
- Не се врши спротивставување на приходите со расходите на ниво на учебна година што има за ефект кумулиран вишок на приходи за пренос во наредната година кој на 31.12.2005 година изнесува 7.690 илјади денари;
- На Економскиот факултет се организирани студиуми со 1,2,5 и 6 студенти, со што се доведува во прашање оправданоста од нивното формирање, што може да биде резултат на недоволното истражување на потребите на пазарот на работна сила и други процеси и законитости во сферите за кои наставниците се заинтересирани да едуцираат високообразовен кадар. Наставно-научниот совет во 2006 година донел Одлука и ги ставил во мирување студиумите за Надворешен промет, Бизнис економија и Економски развој и меѓународни финансии, без да ги наведе причините, поради што ревизијата констатира дека не постојат пишани правила и критериуми за минималниот број на студенти при отварање на нови и ставање во мирување на постојни студиуми, што може да има за ефект субјективизам во одлучувањето.
- Ревизијата исто така констатира дека иницијативата за отварање на студиум не произлегува од факултетот туку од професорите, заинтересирани за раководење со истиот. Заинтересираниот професор поднесува елаборат со студиска програма и предложен тим на професори за настава и испити, но со мал осврт на целите и оправданоста од негово отварање, што може да има за ефект мал интерес кај студентите.

Во 000 илјади

| Последипломски студиуми | Пренесени приходи од 2004 г | Приходи од студенти Во 2005 г | Расходи по основ на авторски хонорар | Други расходи (конкурс и др.) | 20% режиски трошоци | Пренесени приходи во 2006 г | Број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сметководство и ревизија | 582 | 1.361 | 859 | 6 | 149 | 929 | 19 |
| Европски студии | 401 | 1.128 | 843 | 27 | 252 | 407 | 15 |
| Бизнис економија | 141 | 240 | 128 | 1 | 18 | 234 | 2 |
| Маркетинг | 432 | 1.821 | 1.552 | 16 | 287 | 398 | 23 |
| Економски развој и методи на економска анализа | 54 | 61 | 49 | 1 | 1 | 64 | 1 |
| Монетарна економија | 1.872 | 3.562 | 2.164 | 96 | 526 | 2.648 | 54 |
| Надворешен промет | 257 | 529 | 367 | | 106 | 313 | 6 |
| Менаџмент | 3.195 | 3.763 | 3.750 | 47 | 927 | 2.234 | 49 |
| Економски развој и меѓународни финансии | 400 | 226 | 204 | 1 | 95 | 326 | 5 |
| Менаџмент во осигурувањето | 0 | 412 | 269 | 6 | 0 | 137 | 13 |
| **ВКУПНО** | **7.334** | **13.103** | **10.185** | **201** | **2.361** | **7.690** | **187** |

11.1.3. Економскиот факултет согласно Законот и Статутот организира сопствена издавачка дејност јавувајќи се при тоа како издавач на учебници. Воспоставениот систем на издавање на учебници не е во согласност со Правилникот за издавачка дејност на факултетот донесен во 1992 година, ниту со Правилникот на Универзитетот од 1995 година. Во услови на нецелосно применување на овие акти во праксата има отстапувања во постапката за избор на публикации, во утврдувањето на висината на

авторскиот хонорар, методологијата за формирање на цената на книгата, не е формиран Издавачки совет или друго стручно тело кое ќе ја води издавачката политика реално и објективно, во согласност со наставната програма на Факултетот и потребите на студентите. Економскиот факултет со финансискиот план и Буџетот нема планирано средства за оваа дејност и за да објави книга професорот мора да обезбеди средства од спонзори од што зависи објавувањето на книгата и висината на авторскиот хонорар. Со вака воспоспоставениот систем на водење на издавачка политика, ревизијата не е уверена во реалната потреба од издавање на второ, трето или четврто издание од некоја книга, односно реалната потреба за секоја издадена книга и дали издадените книги се во согласност со наставната програма и потребите на студентите . Неможноста на професорот да обезбеди средства преку спонзорство може да има за последица неиздавање на учебници за студентите и да биде пречка за избор во повисоко наставно-научно звање на професорите.

11.1.4. На Економскиот факултет согласно Правилникот за утврдување и исплата на платите и надоместоци од плати и други надоместоци утврден е функционален додаток на плата за извршување на посебно одговорни, раководни и управни активности и надоместок за членување во деканатската управа за деканот, продеканите и другите раководни места. И покрај зголемувањето на додатоците на плата со изменувањето на Правилникот во 2005 година, деканот и продеканите секој месец неосновано добиваат и посебен додаток за зголемен обем на работа, врз основа на Одлука од 1996 година чија примена со донесувањето на Правилникот станува неважечка. По овој основ во 2005 година се исплатени 156 илјади денари. Ревизијата е должна да укаже дека по основ на утврдените додатоци со Правилникот исплатени се 1.140 илјади денари годишно или 32 илјади денари просечно месечно по лице.

**Препораки и мерки:**

1. Деканатската управа да го усогласи Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите на Економскиот факултет Скопје со Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на високообразовните установи донесен од страна на Советот за развој и финансирање на високото образование. За наплата на надоместоци за услуги кои што не се утврдени во Ценовникот од Советот да се обезбеди согласност од истиот, во спротивно да се напушти праксата на наплата на овие надоместоци.
2. Наставно научниот совет да утврди критериуми за вреднување на наставните активности на последипломски студии кои ќе бидат составен дел на Правилникот за плати и ќе се исплатуваат како плата на начин и услови утврдени со Закон.
3. Издавачката дејност да се остварува согласно Правилникот за издавачка дејност, да се формира стручно тело кое ќе ја води издавачката политика врз основа на годишни планови, со цел реално и објективно да се утврди оправданоста од издавање на публикации, водејќи сметка за наставната програма и потребите на студентите. За таа цел факултетот да планира средства со финансискиот план, а по претходно направени пресметки, согласно годишниот план за издавачка дејност.

4. Деканот да изврши усогласување на надоместоците од плати со Правилнилот за плати или да ја укине неоснованата исплата на деканскиот додаток.

## 11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:

11.2.1. Во сметководствената евиденција на Економскиот факултет Скопје признавањето на приходите и расходите не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување во согласност со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Како резултат на несоодветно спроведени книжења во тековната и претходните години ефектите во Билансот на приходи и расходи/Билансот на состојба се следни:

- неданочните приходи се потценети за износ од 45.748 илјади денари
- износот на расходите е потценет за 731 илјада денари;
- вишокот на приходи за пренос во наредната година е потценет за 635 илјади денари и истиот не е усогласен со паричните средства;
- изворите на капитални средства се преценети за 305 илјади денари и не се усогласени со сегашната вредност на постојаните средства

**Препораки и мерки:**

1. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи во главната книга на Економскиот факултет да се спроведува според сметководственото начело на парично искажување. За таа цел неопходно е одговорните лица во сметководствената служба да направат анализа на спроведените книжења кои што го нарушуваат ова начело и за утврдените разлики да спроведат соодветни корекции така што на крајот од пресметковниот период вишокот на приходи за пренос во наредната година ќе биде усогласен со паричните средства, а вредноста на изворите на средства ќе биде усогласена со сегашната вредност на основните средства.

## 11.3. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.3.1. При ревизијата на Неданочните приходи утврдено е дека Економскиот факултет Скопје неосновано остварил приходи во износ од 15.481 илјади денари и тоа:

11.3.1.1. Независно од средствата наплатени по основ на партиципација од студентите, факултетот остварил и други приходи по основ на вршење образовни и административни услуги кои не се утврдени во Усогласениот ценовник донесен од Советот за развој и финансирање на високото образование, во износ од 11.803 илјади денари. Најголемиот дел од овие приходи, 9.616 илјади денари, факултетотот ги остварил при упис на година, во различна висина (4.400, 2.100 или 1.400 денари) во зависност од годината која се упишува и дали тоа се прави по прв или втор пат. Ревизијата е должна да укаже на фактот дека во сите случаи, при упис на година, факултетот имал основ да наплати само по 300 денари од секој студент (200 денари за осигурување на студентот и 100 денари за тетратки за писмена работа). Дел од надоместоците што ги плакаат студентите при упис или во текот на студирањето, утврдени со Ценовникот од Деканатската управа на факултетот се неосновани, и се однесуваат на следните услуги:

- издавање на наставна програма за студирање - 2.067 илјади денари,
- за обнова на книжен фонд - 2.498 илјади денари,

- надоместок на штети - 2.497 илјади денари,
- за тетратки за писмени испити кои се наплатуваат по семестар, а одобрениот износ од Советот е за цела година - 410 илјади денари,
- за користење на студентски интернет центар иако факултетот нема расходи по овој основ-1.454 илјади денари,
- за изработка на софтверски програм за влез во библиотека - 447 илјади денари,
- издавање на водич низ студиите - 1.341 илјада денари,
- за заверка на семестар со минус еден потпис, заверка на семестар со минус два потписа или заверка на семестар без потписи - 545 илјади денари,
- позајмување и користење на тога -71 илјада денари,
- издавање на уверенија за други потреби (студентски дом, автобуски карти и др) - 175 илјади денари,
- промена на изборен предмет - 40 илјади денари,
- за изработка на картици за влез во е-бизнис лабораторија - 59 илјади денари,
- погрешно уплатени средства на сметката на факултетот што се наменети за ректорат - 176 илјади денари,
- по разни други основи како :испишување од факултет, продолжување на студии по завршен прв степен, преглед на семинарска работа, издавање уверенија за странство и сл остварени се приходи во износ од 24 илјади денари.

11.3.1.2. За продолжување на рокот за изработка на магистерски труд наплатуван е износ од 5.000 денари што како основ за остварување на приходи од студентите на последипломски студии не е утврден од Факултетската управа во Правилникот за формирање и распределба на средствата од последипломските студии со што факултетот неосновано остварил приходи во износ од 250 илјади денари;

11.3.1.3. За изведување на подготвителна настава за приемен испит што според Законот за високо образование и Статутот на факултетот не може да се подведе под високообразовна дејност на факултетот наплатувани се 2.500 денари за секој предмет по кој се слуша настава поради што оставрените приходи во износ од 2.170 илјади денари се неосновани;

11.3.1.4. За признавање на странска диплома , а заради утврдена повисока цена за оваа услуга неосновано се остварени 70 илјади денари;

11.3.1.5. Спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи Економскиот факултет Скопје средствата остварени од давањето под закуп на стварите кои што се во државна сопственост не ги уплатувал во Буџетот на Република Македонија и на тој начин во текот на 2005 година неосновано остварил приходи во висина од 1.188 илјади денари;

Неоснованото остварување на приходи предизвикува неоправдано зголемување на трошоците за студирање на студентите, неуплатени средства во Буџетот на РМ, што овозможува високо учество на платите и надоместоците за професорите во вкупните расходи и висок износ на неискористени средства на крајот на годината што се гледа од приложените графикони.

***Структура на вкупните приходи и расходи***[1]







**Препораки и мерки:**

1. Препораката дадена по наодот во точката 11.1.1 се однесува и на овој наод од ревизијата. Во однос на наодот од точка 11.3 алинеја 11.3.1.5 Економскиот факултет Скопје да отпочне со уплата на приходитете од закупнина во Буџетот на Република кои што во согласност со Упатството

[1] Приходите и расходите дадени во графиконите ги опфакаат средствата од буџетот на РМ и средствата од самофинансирачки активности во 2005 година.

за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи се уплатуваат на сметката 840-6478 - Приходи од продажба и закуп на средства во државна сопственост, кои престанале да ги користат органите на државната власт-приходно конто 733128.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.4.1. Со Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите утврден е надоместок за осигурување во износ од 200 денари за секој запишан студент. Ревизијата констатира дека во учебната 2005/2006 година на Економскиот факултет се запишани 5.247 редовни и вонредни студенти кои при уписот го платиле овој надоместок, а факултетот со Еуролинк осигурување АД Скопје извршил осигурување на 3.584 студенти, без приложен список со име и презиме на студентите кои извршиле уплата. Средствата за осигурување на 1.663 студенти, во износ од 333 илјади денари, не се уплатиле во осигурителната компанија туку се пренаменети за други потреби на факултетот. Исто така, ревизијата утврди дека со Еуролинк е извршено осигурување на вработените и менаџерите за што ненаменски се потрошени средства во вкупен износ од 568 илјади денари.

11.4.2. За патување на 16 вработени лица на Халкидики, Грција, во периодот од 28.05-30.05.2005 година исплатени се 207 илјади денари иако престојот не е во функција на работењето на факултетот што упатува на ненаменско трошење на средства.

11.4.3. Економскиот факултет Скопје во текот на 2005 година реализирал набавки во износ од 8.368 илјади денари без да спроведе постапки во согласност со Законот за јавни набавки во следните случаи:

во 000 денари

| Ред.бр | Добавувач | Предмет на набавка | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Неоком | Набавка на компјутерска опрема и одржување на компјутерска мрежа | 2.253 |
| 2 | Еуролинк АД | Осигуривање на студенти, вработени, меџери и недвижности | 1.667 |
| 3 | Леснина инженеринг доел Скопје | влезни врати | 1.168 |
| 4 | Флораскоп МБ | Одржување на зелени површини | 711 |
| 5 | Партнер Раде -јуниор | тетратки за писмена и канцелариски материјал | 584 |
| 6 | Снепер трејд –Боби доел | Печатење на зборник, наставни програми и набавка на канцелариски материјал | 517 |
| 7 | Глобал-Ф дооел | Поправка на опрема, тонер | 493 |
| 8 | Зо-ла Зоран доел | Печатење на наставни програми | 230 |
| 9 | Феромонт инженеринг | Монтажа на заштитни прозорски решетки | 214 |
| 10 | Инбартер доел | Печатење на наставни програми | 210 |
| 11 | Рол мак | Печатење на годишник | 171 |
| 12 | Гордон универзал | Хартија, тонер | 150 |
| | **ВКУПНО :** | | **8.368** |

Неспроведувањето на соодветни постапки во согласност со Законот за јавни набавки доведува до ненаменско и незаконско користење на средства, набавки по повисоки цени, дискриминирање на понудувачите и не обезбедување на транспарентност и јавност на постапката.

**Препораки и мерки:**

1. Ревизијата препорачува да се почитува кодексот на етика и расходите за колективното и менаџерското осигурување да се реализираат од платите на вработените, по претходно добиена согласност од секој вработен. За сите студенти кои се осигуруваат преку факултетот, до осигурителната компанија да се приложува список, да се уплатуваат сите средства на осигурителна компанија, избрана согласно Законот за јавни набавки.
2. Расходите кои што не се во функција на работењето на факултетот (приватни патувања) да се надоместуваат од сопствени средства на вработените.
3. Сите потреби за набавки на Економскиот факултет да се реализираат преку Комисијата за јавни набавки со спроведување на соодветни постапки пропишани со Законот за јавни набавки со што ке се обезбеди реализација на набавки по најниски цени, наменско и законско користење на средствата од Буџетот на РМ, транспарентност и јавност на постапката и фер конкуренција.

12. Според наше мислење Билансот на состојба ја претставува вистинито и објективно финансиската состојба на ден 31 Декември.2005 година. Поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.2. Билансот на приходи и расходи не го претставува вистинито и објективно резулататот од финансиските активности на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″ Скопје , Економски факултет-Сметка за приходи од самофинансирачки активности , за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива..

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3 и 11.4 кај Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″ – Скопје , Економски факултет не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 30.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 115.864 | 108.876 |
| **Вкупно приходи** | **115.864** | **108.876** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 56.933 | 54.360 |
| Стоки и услуги | 47.726 | 48.714 |
| **Вкупно тековни расходи** | **104.659** | **103.074** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 10.652 | 5.422 |
| **Вкупно капитални расходи** | **10.652** | **5.422** |
| **Вкупно расходи** | **115.311** | **108.496** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **553** | **380** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **553** | **380** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 45.570 | 31.802 |
| Побарувања | 1.358 | 396 |
| Побарувања од вработените | 0 | 115 |
| Побарувања од државата и други институции | 3 | 77 |
| Активни временски разграничувања | 6.991 | 6.889 |
| **Вкупно тековни средства** | **53.922** | **39.279** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 36.546 | 36.694 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 1.073 | 1.073 |
| **Вкупно постојани средства** | **37.619** | **37.767** |
| **Вкупна актива** | **91.541** | **77.046** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.888 | 2.310 |
| Обврски спрема државата и други институции | 324 | 221 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 113 | 23 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5.102 | 4.579 |
| Пасивни временски разграничувања | 46.190 | 32.017 |
| **Вкупно тековни обврски** | **53.617** | **39.150** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 37.832 | 37.804 |
| Ревалоризациона резерва | 92 | 92 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **37.924** | **37.896** |
| **Вкупна пасива** | **91.541** | **77.046** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Ревалоризацион а резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **37.804** | **92** | **37.896** |
| **Зголемување по основ на:** | **10.158** | **-** | **10.158** |
| Набавки | 9.982 | - | **9.982** |
| Пренесена добивка од 2004 година | 176 | | |
| **Намалување по основ на:** | **10.130** | **-** | **10.130** |
| Амортизација | 10.130 | | **10.130** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **37.832** | **92** | **37.924** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 1105-91/10***
***05.03. 2007 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. бр. 65/97 ........70/06) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, Економски факултет Дов. бр. 0105-39/4 од 27.02.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорите на точките 11.1.1, 11.1.2, 11.1.3, 11.1.4, 11.3.1.2, 11.3.1.3, 11.4.1, 11.4.2 и 11.4.3 од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј Скопје, Економски факултет-Сметка на приходи од самофинансирачки активности, за 2005 година **не се прифаќаат .**

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, Економски факултет – Сметка на приходи од самофинансирачки активности, за 2005 година поднесен е приговор Дов. бр. 0105-39/4 од 27.02.2007 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот е следното:

1. Приговорот по ***точката 11.1 1*** од Конечниот изврштај што се однесува на наплата на надоместоци од студентите за образовни и административни услуги по основи кои што не се утврдени во усогласениот Ценовник донесен од Советот за развој и финансирање на високото образование ***не се прифака*** бидејки не се доставени нови докази ниту се изнесени аргументи кои што го побиваат наодот на ревизијата. Советот за развој и финансирање на високото образование , во рамките на своите надлежности утврдени во Законот за високо образование, на седницата одржана на 8.11.2004 година усвои усогласен Ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги кој што е доставен до Универзитетот за негово применување. Во Статутот на Факултетот член 156 став 4 е наведено „ на висината на кофинансирањето воведено по кој било основ од страна на Универзитетот и Факултетот согласност дава Советот за равој и финансирање на високото образование„ заради што толкувањето дека истиот претставува минимум усогласување над кој Факултетите можат да наплатуваат услуги , за ревизорот е неприфатливо.

Ревизорот не се согласува со ставот на одговорните лица од Економскиот факултет дека доколку ја напуштат праксата на остварување на неосновани приходи истото ќе доведе до пореметување во начинот и условите на изведување на наставата и другите дејности од областа на образовниот процес односно нивно обавување на современ начин бидејќи во структурата на вкупните расходи расходите за студенти и расходите за инвестиции се со најниско учество во однос на останатите расходи на оваа сметка. Во услови на намалување на приходите, доброто менаџирање подразбира намалување на расходите со највисоко учество во структурата на вкупните расходи.

2. Приговорот на ***точката 11.1.2.*** од Конечниот извештај ***не се прифаќа***, поради тоа што не се доставени дополнителни докази кои го побиваат мислењето на ревизорот за третманот на последипломските студии, нивното основање, организирање, финансирање и наградување. Некоректна е забелешката на законскиот застапник на Економскиот факултет за оценка на достатноста на ревизорските докази кои обезбедуваат разумно уверување за утврдената состојба по основ на располагањето со средствата од последипломските студии, без респект кон професионалноста и стручноста на ревизорите и применетите стандарди на државната ревизија на Меѓународната организација на Врховните Рревизорски Институции (ИНТОСАИ), наведени во точката 9 од Конечниот ревизорски извештај. Ревизијата е вршена со примена на детални аналитички постапки и усогласеност со важечките законски прописи кои ја покриваат оваа дејност, сведувајќи го ревизорскиот ризик на најниско ниво.
   Приговорот по мислењето во точката 11.1.2. дека последипломските студии не се основна дејност на факултетот, не се прифаќа поради тоа што факултетот е основан за вршење на високообразовна дејност, која опфака не само додипломски туку и последипломски и докторски студии, доколку е акредитиран за нивно вршење.
   Не се прифаќа приговорот што се однесува на констатацијата на ревизорот за несоодветниот систем на наградување на наставниот кадар кој ги спроведува последипломските студии. Образложението на одговорните лица дека согласно Законот за авторско право и сродни права за ангажирањето на последипломските студии наставниот кадар треба да добива авторски хонорар, без склучен авторски договор, не е соодветно, бидејќи со предавањата наставникот ги исполнува своите работни обврски согласно договорот за работа. Даденото толкувањето не дава доволно уверување за ревизорот во услови кога Договорот за вработување е општ, не се дефинирани предметите за кои е ангажиран ниту видот на образовната дејност, односно дали станува збор за додипломски или последипломски студии. Со договорот за вработување наставникот е должен да врши и работи кои не се предвидени со договорот доколку се во рамките на степенот на неговата стручна подготовка, што за ревизорот претставува доволен основ за покривање на сите активности на наставникот во рамките на неговата стручност, за кои наставникот треба даземе плата.
   Не се прифаќа приговорот во кој се цитира членот 37 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, бидејќи Правилникот од 1992 година даден на ревизијата, верифициран од надлежните органи, содржи 33 члена и нема опис и попис на работните задачи на наставниците. Доколку по извршената ревизија е направена измена на Правилникот, тоа не може да послужи како аргумент за менување на утврдените состојби од страна на ревизорите за периодот предмет на ревизија, кога на сила бил Правилникот од 1992 година.
   Не се прифаќаат и другите приговори по утврдените состојби на ревизорот за слабостите во функционирањето на последипломските студии (неподнесени извештаи од страна на сите учесници, ставање во мирување на студиуми без образложение како резултат на недонесени критериуми во рамките на факултетот, обавување на консултативните часови во рамките на редовното работно време,

елаборати за отварање на студиуми без доволно аргументи), поради тоа што наодите на ревизијата се базираат на детални ревизорски постапки, обавени разговори со неколку раководители на студиуми и применувајки аналитички и алтернативни постапки, обезбедени се достатни ревизорски докази за потврдување на состојбите.

3. Приговорот на ***точката 11.1.3. не се прифаќа*** бидејќи Статутот на факултетот на кој се повикуваат одговорните лица го дава правото на Наставно-научниот совет да ја спроведува постапката за издавање, но самата постапка образложена во приговоротт, не е во согласност со членот 160 од Статутот на Факултетот кој гласи: “Издавачката дејност на Факултетот се остварува врз единствените основи за издавачка дејност утврдени од Универзитетот”. За оваа цел Универзитетот во април 1995 година донел Правилник кој не се почитува од страна на Факултетот. Ревизијата исто така останува на мислењето дека базирањето исклучиво на принципот на самофинансирање на издавачката дејност од страна на авторот во државна високо образовна установа, каде што издавањето на учебник односно учебно помагало претставува обврска, е ризично во процесот на реализација на дејноста.

4. Приговорот на ***точката 11.1.4. не се прифаќа***, бидејќи утврдената неправилност од страна на ревизорот не се однесува на начинот и условите за исплата на функционалните додатоци регулирани со Правилникот за утврдување и исплата на платите и другите надоместоци од плата на вработените на Економскиот факултет во Скопје, кои се објаснети во приговорот, туку на надоместокот кој се исплатува врз основа на Одлуката од 1996 година и изнесува 5.000 денари за деканот и по 4.000 денари за продеканите.

5. Приговорот по ***точката 11.3.1.2*** што се однесува на наплата на 5.000 денари од студентите за последипломски студии по основ на продолжување на рокот за изработка на магистерси труд ***не се прифаќа*** бидејќи со Правилникот за формирање и распределба на средствата од последипломските студии не е преддвиден овој основ за остварување на приходи, а Одлуката донесена од Деканатската управа која што се споменува во приговорот не е доставена на увид на ревизијата.

6. Приговорот по ***точката 11.3.1.3*** од Конечниот извештај што се однесува на остварување на приходи по основ на изведување на подготвителна настава за приемен испит ***не се прифака*** бидејки даденото образложението упатува на Статутот според кој факултетот остварува и друг вид на дејности како што се континуирано образование кое се врши преку курсеви, семинари, далечинско образование со кои се стекнуваат нови знаења и се проширува знаењето и стручноста, како и организирање на други форми и видови за подигање на општото образовно ниво и поттикнување на конструктивен натпревар, за ревизијата е неприфатливо. Во членот 90 од Статутот на Факултетот односно членот 123 од Законот за високо образование е предвидено дека „за завршената форма на континуирано образование, соодветно на видот и обемот на стекнатото знаење се издава соодветен документ (свидетелство, потврда, сертификат и слично) во кои се наведува видот на формата на образование и обемот и видот на стекнатото знаење и стручност„ што упатува на тоа дека организирањето на подготвителната настава не може да се подведе ниту под студии за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата, ниту како континуирано образование. Исто така и во последната алинеја од Членот 25 од Статутот каде што стои „организирање на други форми и видови, подигање на општото образовно ниво и поттикнување на конструктивен натпревар помеѓу различните идеи и пристапи“, ревизијата не го препознава организирањето на подготвителна настава. Споменатото Упатство за

спроведување на конкурсот за упис на нови студенти во учебната 2005/2006 година, во кое што покрај другото е предвидено да се организира подготвителна настава е ирелеватно во однос на основаноста на остварените приходи.

7. Приговорот по ***точката 11.4.1*** од Конечниот извештај , а која се однесува на разликата помеѓу бројот на запишаните и бројот на осигураните студенти ***не се прифака*** бидејки изнесената аргументација од страна на одговорните од Економскиот факултет дека поголем број студенти не вршат упис во септември од различни причини, а со тоа и не го уплаќаат осигурувањето, не го побива наодот на ревизорите. Бројот на запишани студенти (5.247) е превземен од годишниот Извештај на Деканот и од Извештајот за самоевалуација, а потврден од страна на ревизијата врз основа на детални ревизорски постапки од одбраниот примерок. Со износот на неуплатените средства од студентите за осигурување и одобрената провизија од осигурителната компанија во висина од 5 % се покрива осигурувањето на 89 вработени во износ од 320 илјади денари или дел од менаџерското осигурување кое за деканот и двајцата продекани изнесува 443 илјади денари.

8. Приговорот по ***точката 11.4.2*** од Конечниот извештај ***не се прифаќа*** бидејки изнесената аргументација дека патувањето на 16 вработени лица на Халкидики (по повод 8-ми март) е организирано по претходно спроведена анкета и врз основа на желбите на вработените, не го побива наодот на ревизијата. Финансиската автономија утврдена со Статутот не го ослободува Факултетот од обврската да ги почитува законските прописи и наменски да ги користи средствата за извршување на дејноста како единка корисник на средства од Буџетот на РМ, вклучувајки ги и средствата остварени како приходи од самофинансирачки активности.

9. Приговорот по ***точката 11.4.3*** од Конечниот извештај, а што се однесува на неспроведена постапка за јавни набавки при изборот на Неоком Скопје за одржување на компјутерската мрежа за 2005 година и за изборот на Еуролинк осигурување како осигурителна компанија за осигурување на студентите, колективно осигурување, менаџерско осигурување и осигурување на недвижностите, ***не се прифаќа*** бидејќи не се доставени докази кои ќе го променат наодот на ревизијата за неспроведени постапки за јавни набавки. Образложението дадено во приговорот за спроведена постапка во 2003 година за избор на Еуролинк осигурување не го покрива периодот предмет на ревизија. Образложението за изборот на Неоком за набавка и одржување на компјутерска опрема е несоодветно бидејќи наодот на ревизијата не се однесува на опремата што е наведена во приговорот.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 02.03.2007 година**

**Главен државен ревизор,**
**Д-р Драгољуб Арсовски**